ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**ТОП ВЕСТИ:**

- Започна изградбата на градскиот пазар во Делчево
- МТВ го објави тендерот за реконструкција на 6.15 км на улици и патишта во Делчево
- Се асфалтираа улици во с. Град
- Одбележан денот на енергетската ефикасност во Делчево


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 13 МАРТ 2021


## Започна изградбата на градскиот пазар во Делчево




**Премиерот Заев во Делчево: Развиени општини значат силна економија;**
**Делчево со новиот капитален проект дава стимул за локалниот економски развој**



МТВ го објави тендерот за реконструкција на 6.15 км на улици и патишта во Делчево



Се асфалтираа улици во с. Град




Одбележан денот на енергетската ефикасност во Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Совет: Усвоени завршните сметки на Општина Делчево и локалните институции; Донесен Правилникот за начинот на вршење видеонадзор на територијата на Општина Делчево

На редовната 51 Седница на Советот на Општина Делчево, советниците раправаа и донесоа одлуки и заклучоци по 15 точки предвидени со Дневниот ред.

Советниците ја усвоија Завршната сметка и Годишниот извештај на Општина Делчево за 2021 година. Извршувањето на приходите во Буџетот на Општина Делчево изнесува 88%, односно од вкупно планираните 302,113,900 ден. приходите се реализирани во износ од 265,429,977 денари. Од нив, во Основниот буџет, од планирани 78.677.000 денари , се реализирани 72.073.000 ден. или 92%. Во Буџетот на дотации од планирани 173,505,900 денари реализирани се 160,025,395 или 92%, во Буџетот на донации од планирани 6,927,000 реализирани се 5,767,188 ден. или 93% и во Буџетот на самофинансирачки активности од планирани 16,367,000 реализирани се 6,475,074 денари, или 33,4 %. Капиталните приходи се наплатени во износ од 4,472,287 ден. од вкупно планирани 4.105.000 ден. или 108 % .

Вкупните расходи за 2020 г. се планирани во износ од 302.113.900 ден. Од нив се реализирани 263.140.000 ден. или 87 %. Вкупниот износ на платите во однос на вкупно реализираните расходи изнесува 19%, процентот на реализација на стоки и услуги е 25%, додека износот на реализираните капитални расходи во однос на вкупните расходи во основниот буџет е 35%, а во однос на планираните капитални расходи, реализирани се 77,4%. Во делот на капиталните расходи пак, процентот на реализација на други градежни објекти во однос на вкупните реализирани капитални расходи е 84% . Капиталните расходи се реализирани во износ од 27.360.359. од планираните 31.065.000 и најголем дел од нив се исплатени за реконструкција на улици и патишта, изградба на капела, за изготвување проекти за изградба или реконструкција на улици и патишта и надомест за одземен имот.

Исто така, беа усвоени и завршните сметки на локалните институции: ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“, СОУ „М.М.Брицо“, ОЈУДГ „Весели Цветови“ и ЈЛБ „Илинден“.

На Седница, советниците го усвоија и Правилникот за начинот на вршење видео надзор на територијата на Општина Делчево и Проценката на влијание за заштита на личните податоци. Со Правилникот се предвидува вршење видео надзор на три локации на територија на Општина Делчево и тоа на пешачкиот мост „Гоце Делчев“ на реката Брегалница (3 камери), на детското игралиште во населба Ново Делчево (4 камери) и на тениското игралиште во населба СРЦ (4 камери). Во донесувањето на Правилникот и останатата документација која е потребна за поставување и вршење на видео надзорот се применувани одредбите од новиот Закон за заштита на личните податоци кои се однесуваат на вршењето видео надзор, Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење видео надзор, Правилникот за содржината на анализата на целта, односно целите за кои се поставува видео надзорот и Извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор и Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци. Донесување на овој Правилник и вршењето видео надзор на овие локации е со цел заштита на сопственоста поради честата појава на оштетување на општинскиот имот, односно заштита на имотот и стварите во општа употреба од кражба, вандализам, уништување или друга форма на загрозување на имотот и добрата и за подобрување на безбедноста и здравјето на сите граѓани.

На 51 Седница, советниците донесоа и Одлука за утврдување на бројот на ученици за упис во прва година во учебната 2021/22 во СОУ „М.М.Брицо“ во која е предвидено запишување на 170 ученици во 5 паралелки во гимназиска насока, а во стручното образование- за текстилно-кожарската струка за насоките-техничар за изработка на облека и за техничар за моделирање облека формирање по една паралелка од насока со по 34 ученици, а исто толку ученици за една паралелка и за струката прехранбен техничар.

Меѓу другите точки од Дневниот ред, советниците ги усвоија измените на годишните планови за вработување на Општина Делчево и ЈКП„Брегалница“ за 2021 г.

Совет на Општина Делчево

# Премиерот Заев во Делчево: Развиени општини значат силна економија; Делчево со новиот капитален проект дава стимул за локалниот економски развој

Актуелности




Во присуство на премиерот на РСМ, Зоран Заев, заменик-претседателот на Владата , Љупчо Николовски, директорот на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Никица Бачовски, како и претставници од институции и граѓани, денеска во Делчево се означи почетокот на изградбата на современиот градски пазар кој е капитален проект за Делчево и за целиот регион.

Градскиот пазар кој е проектиран на површина на градежна парцела од 11. 599 м2 и површина за градење- 6 944 м2 е неопходна потреба за Делчево како погранично место и проект кој има регионално значење, истакна градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски.

-Целта е да добиеме современ градски пазар со целата инфраструктура, во смисла отворен и затворен дел, каде ќе бидат испочитувани сите критериуми за соодветно чување и продавање на храната и на најразновидната стока, како и соодветен паркинг-простор. Дополнително, овој дел на градот добива современ урбан изглед со можност да се создадат атрактивни локации за идни нови градби. Реализацијата на овој проект, како и на сите претходно реализирани капитални инвестиции во Делчево ќе сведочат за генерации и генерации делчевци за одговорното и посветено работење. Многу пати сум истакнал и сега ќе повторам дека Делчево е школски пример како одговорната локална власт и одговорната централна власт, нивната кохезија и следењето на заедничкиот интерес, дава резултати за граѓаните, порача Трајковски.

Вкупната вредност на проектот е околу 33,4 милиони денари, средства обезбедени од владини институции и дел од општинскиот Буџет, а градежните работи во двете фази од изградбата се очекува да завршат за период од една година.

Изградбата на современиот градски пазар ќе биде уште едно место двигател на локалната економија во Општина Делчево, рече во своето обраќање премиерот Заев и додаде дека развиени општини значат силна економија.

- Во таа насока, Владата континуирано се залага за рамномерен регионален развој и јакнење на инфраструктурата на општинско ниво. Ја зајакнуваме децентрализацијата и овозможуваме максимално можен трансфер на надлежности од централно на локално ниво. За таа цел започнавме реформа за унапредување на фискалната децентрализација преку реализирање на 3 главни столба и тоа раст на приходите на општините, отплата на долговите, како и домаќинско, транспарентно и отчетно работење. Владата со буџетски средства и со поддршка на меѓународните финансиски институции спроведува проекти, конкретно насочени кон развој на општините. Главната цел е зајакнување на инфраструктурата и подобрување на условите за живот на локално ниво, истакна Заев.

# Актуелности

Премиерот потенцираше дека во текот на минатата година, се реализирани 99 проценти од планираните капитални инвестиции за спроведување на Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП кој го спроведува Министерството за финансии.

-Во 2021 година, преку овој проект ќе се реализираат капитални инвестиции во износ од 800 милиони денари. Во рамки на годинашниот буџет, предвидено е да започне реализација на повеќе проекти, меѓу кои и оној за подобрување на енергетската ефикасност во државата. Со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, 25 милиони евра ќе се доделуваат на општините и на јавните здравствени установи за инвестиции во подобрување на енергетската ефикасност на јавните згради. Преку Проектот за локални патишта, седумдесет милиони евра се наменети да се распределат на сите 80 општини за изградба и санација на локални патишта и улици, како и на друга патна инфраструктура во единиците на локалната самоуправа. Со оваа директна помош од 500.000 евра до 2 милиони евра по општина се дејствува кон подобрување на локалната инфраструктура во општините, рече Заев.

Премиерот Заев истакна дека Владата продолжува да поддржува трајни добра како изградба и реконструкција на локална патна инфраструктура, водоснабдителна мрежа, канализациони мрежи, реконструкција, изградба на градинки и училишта и спортски објекти, здравствени установи, за подобрување на животот на граѓаните, за нови вработувања и економски развој.





Актуелности

# Објавен тендерот за големиот инфраструктурен проект во Делчево




Министерството за транспорт и врски го објави тендерот за градежни работи за подобрување на инфраструктурата на локалните патишта на избрани општини согласно изработени основни проекти за градежни работи, а во рамките на „Проектот за поврзување локални патишта во РСМ", кој МТВ го реализира со финансиска поддршка на Светска банка, објави министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски.

Во рамките на овој проект на Општина Делчево се доделени вкупно 781.714,36 евра, а во првата фаза ќе се реализираат проектите: реконструкција на ул „Орце Николов" во должина од 500 м. со изградба на тротоари, реконструкција на ул. „Скопска" во должина од 250 м. со изградба на тротоари, реконструкција на дел од ул „Острец" во должина од околу 50 м. со изградба на потпорен ѕид и тротоари, кој претставува црна точка во сообраќајот; како и изградба на стариот локален пат Делчево-Трабботивиште во должина од 5,3 км заедно со инсталирање систем за одводнување со отворен канал и пропусти.

Градоначалникот Горан Трајковски истакна дека со реконструкцијата на овие улици ќе се придонесе кон значително подобрување на состојбата со патната инфраструктура во Општината, решавање клучни проблеми, а секако и подобар квалитет на животот на граѓаните, бидејќи станува збор за улици кои се доста фреквентни, а сето тоа ќе влијае и на локалниот економски развој.

Со средствата што остануваат на Општина Делчево по реализацијата на првата фаза од вкупниот определен износ, ќе се реализираат други инфараструктурни проекти кои се приоритети за граѓаните, односно преку месните и урбаните заедници, всушност, како што течеше постапката и за првата фаза од реализацијата на големиот инфраструктурен проект за Делчево. Сакам да истакнам дека овој проект покрај општествената одговорност, има за цел подобрување на пристапот на граѓаните до услугите и објектите од јавен интерес, како и зголемување на мобилноста и безбедноста во сообраќајот, истакна Трајковски.

# Се асфалтираа улици во с. Град

Актуелности




Се асфалтираа улиците, крак 2 и крак 3, во селото Град со вкупна должина од над 400 метри. На завршните работи од изградбата на улиците, увид во работите изврши градоначалникот Горан Трајковски кој истакна дека финансиските средства за реализација на овој проект се обезбедени од општинскиот Буџет, но и дека интензивно се работи на подобрување на квалитетот на животот во населените места во Делчево.

-Работиме за подобрување на квалитетот на животот на сите жители на нашата Општина, со оваа инвестиција се решава децениски проблем во село Град, така што жителите повеќе нема да газат кал или да живеат во прашина. Моите заложби се да ги решаваме приоритетите на жителите во секое населено место, истакна градоначалникот Трајковски.

Трајковски потенцираше дека капиталните проекти продолжуваат со забрзана динамика, влогот во развој и унапредување на инфраструктурата е влог во услови за подобар живот во секое наше населено место и во оваа насока продолжуваме.

-Со подобрување на временските услови ќе започнеме со реализација и на нови инфраструктурни проекти во Делчево и во останатите селски средини. За таа цел наскоро ќе започне реализацијата на тендерот за изградба на општински улици, пристапни патеки и тротоари во вредност од околу 9 милиони денари и очекувам наредниот период да се реализираат значаен дел од инфрссструктурните проекти за кои веќе имаме изработено основни проекти. Градежната сезона и во време на пандемија продолжува со засилен интензитет. Капиталните инвестиции, вложувањата во инфраструктурни проекти на локално ниво, како предуслов за подобрување на условите за живот на нашите граѓани, но и за развојот на нашата општина. Остануваат приоритет за мене како градоначалник и овој проект е потврда затоа, рече Трајковски.

Актуелности

# Одбележан Денот на енергетската ефикасност во Делчево




По повод Меѓународниот ден на енергетската ефикасност, 5 Март, Општина Делчево ги промовираше проектите кои се работат на полето на енергетската ефикасност и значењето на користењето на обновливи извори на енергија кои носат заштеда на енергија, но и заштита на животната средина. По тој повод, градоначалникот на Општина Делчево одржа прес-конференција на која ги промовираше реализираните и планираните проекти и порача дека Делчево штеди енергија и инвестира во иднината.

-Изминативе три години реализираме проекти кои значат искористување на обновливите извори на енергија, за да штедиме енергија и да дадеме придонес во заштитата на животната средина. Поставивме фотоволтаици на три општински објекти и штедиме енергија за 40%; Заменивме 760 живини со лед-светилки во јавното осветлување и го зголемивме за 40% бројот на светилки со што добиваме заштеда од 70%; Зградата на СОУ „М.М Брицо“ доби енергетски ефикасна фасада; Наскоро и зградата на ООУ „Ванчо Прке“ ќе има енергетски ефикасна фасада; Ги уредуваме и прошируваме зелените површини и засадуваме садници; Инвстираме во иднината и ги учиме најмладите да се грижат за природата и да го препознаваат значењето на обновливите извори на енергија, рече Трајковски и додаде дека ова е еден дел од нашиот придонес за енергетска ефикасност.

Трајковски ги потенцираше и заложбите на Општината на полето на енергетска ефикасност.

-Се стремиме да создадеме комплетно енергетски ефикасни оштински згради во Делчево и ги поттикнуваме граѓаните да инвестираат на ова поле, бидејќи пресметките покажуваат дека со имплементација на солидни енергетски ефикасни решенија може да се намали потрошувачката на енергија и до 40%, истакна Трајковски.

# Проекти за енрегетска ефикасност во ООУ „Ванчо Прке“

Актуелности



Во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево започнаа работите за санација и комплетна промена на подната конструкција во училиштето, стара 50 години и нејзина замена со пвц-под што ќе донесе поголема заштеда на енергија и подобрување на условите за работа и хигиената на училиштето. Проектот е финансиски поддржан од МОН, а вредноста на работите кои треба да завршат за 3 месеци е 6,6 милиони денари.

Увид во работите изврши градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој ги поздрави напорите на одговорните лица и на вработените во училиштето за имплементацијата на енергетски ефикасни решенија со што се испраќа пораката дека се штеди енергија, а се вложува во иднината.

– ООУ „Ванчо Прке“ е одличен пример за тоа. Досегашните инвестиции: инсталацијата на фотоволтаиците, реконструкцијата на спортската сала, актуелната инвестиција за промена и рехабилитација на подовите во училниците, ходниците и канцелариите во централното училиште, потоа изградбата на енергетски ефикасна фасада на зградата која треба да започне наскоро, се непобитен факт дека се инвестира во заштедата на енергија. Би сакал да истакнам дека примената на енергетската ефикасност е од огромно значење и од економски и од еколошки аспект, воопшто. Пресметките покажуваат дека со имплементација на солидни енергетски ефикасни решенија може да се намали потрошувачката на енергија и до 40%, рече Трајковски и додаде дека Општина Делчево и понатаму ќе продолжи со поддршката на инцијативите за користење на обновливите извори на енергија.

Директорот на училиштето, Горан Велков, истакна дека заложбите се училиштето „Ванчо Прке“ да биде комплетно енергетски ефикасно до крајот на годината и прв ваков објект во Делчево.

-Очекуваме наскоро да започне изградбата на енергетски ефикасна фасада за што имаме одобрено средства од Владата на РСМ во износ од 5,1 милион денари. Исто така, потоа продолжуваме со проектот за промена на парните котли на нафта со котли на пелети, како и замена на електричното осветлување со економични лед-светлики, истакна Велков.

Со имплементација на енергетски-ефикасни решенија, училиштето ќе штеди и до 40% енергија.

Актуелности

# Се засадуваат украсни садници во Делчево



Продолжува засадувањето украсни садници по должината на парковското зеленило на булеварот „Македонија“ на излезот од Делчево кон Граничниот премин. Во оваа пролетна акција, екипи на ЈКП „Брегалница“ засадуваат 400 украсни садници од видот: KATALPA NANA - 100 садници; TUJA SMARAGD OCCIDENTALIS-200 садници; TU-JA SMARAGD SPIRALA -50 садници и LEYLANDII POM POM - 50 садници;
Садниците ги набави Општина Делчево во тендерска постапка при што од Буџетот се одвоени 261.370,00 денари со вклучен ДДВ, а економски оператор е „Градина цвет“ од с. Владиевци Василево, како најповолен понудувач.
Градоначалникот Горан Трајковски истакна дека се продолжува со намерата да се збогатат содржините во јавните зелени површини во градот.
- Минатата есен на дел од овој булевар засадивме 169 украсни садници и заедно со новите 400 садници, целосно ќе го збогатиме изгледот на парковскиот дел од булеварот на овој дел од градот. Украсните садници даваат посебен и богат изглед на булеварот кој е фреквентна сообраќајна артерија за транзит на возила за влез и излез од земјава. Но, несомнено е и дека ќе се влијае и на прочистување на амбиенталниот воздух и со тоа директно придонесуваме кон почиста животна средина, истакна Трајковски.
Трајковски потенцираше дека како локална самоуправа во континуитет се вложува во унапредување на квалитетот на животната средина.
-Тоа е дел од нашите локални, но и централни политики. Тоа се потврдува и преку рамката „Акција21“, каде токму заштитата на животната средина е еден од врвните приоритети. Казните за загадувачите се зголемени за 20 пати, 100 милиони денари се обезбедени за објекти за општините за замена на нееколошки системи за греење, за зголемување на енергетската ефикасност, како и за обновување на урбаното зеленило. Но, во тој процес, освен од Локалната самоуправа, освен од надлежните институции, потребна е посветеност и ангажираност на секој поединец. Заедно да придонесеме за чиста и здрава средина, порача Трајковски.
Инаку, во моментов на јавните парковски површини во Делчево, екипи на ЈКП „Брегалница“ засадуваат и 1000 пролетни цвеќиња, а изминатиов период се спроведе и акцијата за чистење на дивите депонии создадени на повеќе локации во градот и населените места.

# Се уредува селската чешма во село Габрово

Актуелности



Со реконструкција и уредување на просторот на селската чешма во селото Габрово, започна акцијата за уредување на селските чешми која ќе се спроведува во неколку населени места во Општина Делчево.

Градоначалникот Горан Трајковски направи увид во текот на работите при што истакна дека акцијата за уредување на селските чешми е на барање на жителите, а работите ги изведува ЈКП „Брегалница“ како редовна активност предвидена во програмата за работа.

-Селските чешми се најпосетувани места во едно село, тука обично се собираат повозрасни жители за разговор, но и помлади за игра. Затоа, чувствуваме обврска да го уредиме овој простор и да направиме соодветно катче кое ќе одговара на потребите на жителите, а воедно со оваа интервенција ќе се преземат мерки и да се сопрат загубите на вода, истакна градоначалникот Трајковски.

Уредувањето на селските чешми предвидува и уредување на просторот околу чешмата, обложување со камен и поставување урбана опрема. Во акцијата за уредување на селските чешми, освен с. Габрово ќе се реализираи во с. Вирче и с. Град.

Инаку, градоначалникот Трајковски оствари и средба со жителите на Габрово на која се разговараше за актуелните проблеми и иницијативи на жителите кои се во насока на подобрување на квалитетот на животот на жителите во ова населено место во Делчево.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Се подготвува Клуб за социјална инклузија за возрасни лица со посебни потреби



Во Дневниот центар за лица со посебни потреби во Делчево започнаа подготвителните активности за реализација на проектот „Клуб за социјална инклузија „Интегра" финансиски поддржан од МТСП, а ќе го реализира НВО „Бравура Кооператив" во период од 18 месеци. Вкупната вредност на проектот е 2,3 милиони денари.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, денеска го посети центарот со цел да се запознае со условите и планираните активности, при што потенцираше дека реализацијата на овој проект е уште еден доказ дека и во услови на пандемија и сериозни економски последици, се продолжува со вистинска грижа за сите граѓани, особено за најранливите.

-Реализацијата на проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" ќе донесе подобар квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби во Општина Делчево, преку развој и унапредување на нови алтернативни форми на социјални услуги. Пред стартот на инвестицискиот дел од проектот, како градоначалник сакам да се запознаам со условите, планираните активности и евентуалната поддршка што би била потребна од локалната самоуправа со цел да се имплементира оваа Програма која нуди нова организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација на возрасни лица со посебни потреби, истакна Трајковски.

Во рамките на Клубот за социјална инклузија е планирано да се опфатат 12 возрасни лица со посебни потреби и да се ангажираат дополнително 5 стручни лица за работа со овие лица.

-Овој проект значи унапредување и трансформација на услугите, проширување на услугите на самиот Дневен центар, бидејќи со него се внесуваат лица без разлика на нивниот степен на попреченост кои ќе развиваат работни вештини кои ќе им послужат за нивно работно интегрирање. Ова е всушност, почеток на еден вид социјално претприемништво кој започнува од Дневниот центар во Делчево. Во овој период ќе бидат опремено комплетно просториите со машини за изработка на восочни производи- ароматизирани свеќи, техника за грнчарски производи и сл, по што следува вториот дел кога ќе се внесат самите корисници, истакна Александар Николов од „Бравура кооператива".

Инаку, во делот на социјалната заштита и унапредување на услугите, градоначалникот Трајковски истакна дека се работи интензивно и посветено и на подобрување на условите за престој на децата во детската градинка и на зголемување на опфатот на децата во градинка.

– Продолжуваат инвестициите во изградба, реконструкција и проширување на детската градинка во Делчево. Интензивно се работи на реконструкција на простории за детска градинка во с. Разловци, но и проектираме нова детска градинка со капацитет од 160 дечиња во населбата Расадник, истакна Трајковски.

# Доделени решенијата на стипендистите на Општина Делчево



Учениците и студентите од Делчево кои ќе добиваат стипендии од Општина Делчево за учебната 2020/2021 година ги добија решенијата од Општина Делчево. Годинава, Општина Делчево додели 24 стипендии од предвидените 28 од кои 18 стипендии се за средношколци кои аплицирале во двете категории согласно со јавно објавениот Конкурс и 6 стипендии за студенти кои ги исполнија условите согласно со предвидените критериуми во една категорија.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, кој им ги врачи решенијата, истакна дека интенција на Општината е да се стимулираат младите за поголеми успеси во образованието.

– Им честитам на стипендистите за добиените стипендии. Секогаш има простор и за повеќе работа и поголеми резултати, но во оваа прилика, им порачувам на учениците дека треба да се вложуваат и да постигнуваат резултати во образованиот процес, да се натпреваруваат со знаења, бидејќи тоа ќе ги изгради како личности во животот. Посебно што овој период се соочуваме со новини во образовниот процес наметнати од пандемијата, далечинско учење, се јавуваат и технички проблеми во наставниот процес, но сето тоа не треба да биде препрека за учениците кои сакаат да постигнуваат успеси, туку напротив предизвик, рече Трајковски.

Трајковски истакна дека бројот на предвидени стипнедии согласно со Програмата е зголемен во последниве три години години, а зголемен е и износот на стипендиите по одредени категории.

– Како Општина го следиме успехот на учениците и, освен овие стипендии, доделуваме и три стипендии на првенците на генерацијата во трите училишта, потоа награди за освоени високи места на државни и меѓународни натпревари, а Општина Делчево доделува и наградно патување низ Европа на 10-те најдобри матуранти од СОУ „М.М.Брицо“. За што сме издвоиле од Буџетот во 2021 вкупно 760.000 денари, а од септември 2020 година воведена е нова мерка и исплаќаме по 3000 денари на првачињата кои ќе се запишат во делчевските училишта, истакна Трајковски.

Стипендиите ќе се исплаќаат за период од 9 месеци, а износот на ученичките стипендии во двете категории е 1000 денари, односно 1,500 денари, додека студентските стипендии во една категорија се во износ од 3,500 денари.

Актуелности

Актуелности

# Дистрибуирана донацијата од лаптопи до основните училишта во Делчево



Лаптопите донирани од Организацијата „Македонија 2025" беа достирбуирани до основните училишта во Делчево. Донацијата која се состои од 6 лаптопи од кои 5 лаптопи за ООУ „Ванчо Прке", а 1 за ООУ „Св.Климент Охридски" е наменета за ученици кои немаат можност да следат онлајн настава.

Градоначалникот Трајковски потенцираше дека донацијата ќе помогне на ученици од социјално загрозени семејства да следат онлајн настава.

-Станува збор за донација од 6 (шест) **Тесла лаптопи,** во вкупен износ од 80.000 ден. Примените лаптопи ќе се распределат на ученици од двете основни училишта кои немаат уреди за следење настава врз основа на подготвената листа на искажани потреби на Министерството за образование и наука на РСМ, истакна Трајковски.

Инаку, Организацијата „Македонија 2025" во координација со МОН обезбеди вкупно 32 лаптопа за ученици кои немаат компјутер за следење онлајн настава за 4 општини низ Македонија. Освен Делчево, донација добија и Берово, Пехчево и Битола, односно вкупно 6 училишта во државава. Средствата за купување на опремата во износ од 12.000 канадски долари беа собрани преку интернет- кампањата за донации „No child left of-fline", од индивидуални донатори со македонско потекло од повеќе земји.

„Македонија 2025" е неполитичка организација со примарен фокус на економски и лидерски развој, која соработува со бизнис- секторот, Владата и академијата, со цел генерирање можности и градење капацитети за економски раст, на тој начин помагајќи во градењето на посилна нација.

# Акција „Подарувам книга“ во ООУ „Св.Климент Охридски“

Актуелности




Во рамките на Отворениот ден на граѓанското образование во ООУ „Св.Климент Охридски“ се спроведува акцијата „Подарувам книга“. Носители на акцијата се учениците од осмо одделение, а во неа се вклучија и учениците и наставниците, но и граѓани кои од дома да донесоа книга или сликовница што веќе ја имаат прочитано и испратија позитивни пораки за значењето на книгата и читањето.

Како што истакна директорот на училиштето, Горан Димитровски, акцијата треба да придонесе за развој на хуманоста, општествената одговорност, волонтерството и желбата и љубовта кон читањето, а подарените книги ќе се дистрибуираат во библиотеките по подрачните училишта.

Во акцијата се вклучи и градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски кој подари книга и испрати порака дека книгите треба да се читаат, а не да се чита за книгите.

– Книгата е непроценливо богатство и затоа ме радува овој ден и иницијативата на учениците од ООУ „Св.Климент Охридски“ да подарат книга и ми претставува чест што денеска се вклучувам во акцијата и имам можност да подарам книга. Пораката е хумана, која ќе помогне овие подарени книги да стигнат во рацете на ученици кои ги немаат прочитано. На овој начин се испишува нова практика и волонтеризам и очекувам оваа денешна акција да прерасне во традиција и да се практикува во сите образовни институции во Делчево, истакна Трајковски.

ООУ „Св. Климент Охридски“ оваа учебна година по втор пат организира Отворен ден на граѓанското образование со цел да се промовира новиот концепт на граѓанското образование. За организацијата на Отворениот ден се задолжени учениците од осмо и деветто одделение под менторство на наставниците по граѓанско образование, но активно учество во сите активности имаат и учениците од пониските одделенија и сите наставници и вработени во училиштето.

Планираните активности за Отворениот ден на граѓанското образование се ученички иницијативи, а оваа година ќе бидат под мотото „САЈБЕР НАСИЛСТВО – НЕМИР ВО ДЕТСКИОТ МИР“. Сите активности поврзани со сајбер- насилството ќе бидат промовирани на ЗООМ- платформата.

Актуелности

# Инвестиции во инвентар во делчевската библиотека



Продолжуваат инвестициите во инвентар во делчевската библиотека ЈЛБ „Илинден“. Деновиве се монтираат нови полици за книги кои се сместени по должината на ходникот кој е и влез во библиотеката. Како што истакна директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, оваа инвестиција е неопходна , бидејќи со неа се овозможува достојно чување и изложување на насловите кои досега биле чувани во несоодветни услови.

-Ја започнуваме реализацијата на програмата за инвестиции за оваа 2021 година. Активностите и инвестициите се во насока библиотеката да биде пофункционална и уште подобро и организирана. Еден од тие планови деновиве се реализира. Библиотеката минатата година постави нови полици за книги од едната страна на ходникот на влезот во библиотеката, а деновиве се поставуваат нови полици и од другата страна.Потребата за нови полици е повеќе од неопходна со оглед на тоа што сè уште има огромен број книги кои се чуваат во таванските простории, каде и нема соодветни услови за чување на книгите. Со новите полици самиот ходник доби нов лик, многу поубав, пофункционален и попрактичен, истакна Петровска.

Во ЈЛБ „Илинден “ во тек е и пописот на книжниот фонд, по што насловите ќе го најдат своето место на новите полици.  За оваа 2021 година е планирана монтажа и на нови полици и во читалната,  како и преуредување на затворената тераса на библиотеката, каде старите полици ќе бидат заменети со нови, модерни.

– Ако се земе предвид фактот дека библотеката ги набавува сите нови и актуелни наслови што значи дека секојдневно пристигнуваат нови книги, новиот инвентар е и повеќе од неопходен, истакна Петровска.

Во 2020 година, библиотеката за нови книги потрошила вкупно 389.759 денари.

# Трибина во Делчево- „Жените не се само бројки, ниту проценти“





Во Делчево во управувачките органи на локалните институции има 21 жена наспроти 8 мажи, а на раководни функции во општинските институции се назначени 3 жени наспроти 4 мажи. Но, сепак, жените не се само бројки ниту проценти, порачаа денеска учесничките на трибината организирана по повод Меѓународниот ден на жената од КЕМ на Општина Делчево, ЈЛБ „Илинден“ и Советот за социјална заштита на која учествуваа нивните членки, како и пратеничката во Собранието на РСМ, Соња Михаиловска.

Жените денеска дискутираа за состојбата на родовата еднаквост во Делчево и социјалните политики, проблемите во социјалната сфера и семејното насилство, но и улогата на жената во јавните политики.

Билјана Петровска, директорка на ЈЛБ „Илинден“ на почетокот на трибината истакна дека на овие теми не се зборува само на 8 Март, туку се зборува, работи и дејствува секој ден, но сепак, овој ден е повод повторно да се отворат темите.

– ЈЛБ„Илинден“ можеби нема директна поврзаност со овие теми, но секогаш дава поддршка за родовата еднаквост да не биди само на хартија. Воедно, како позитивен факт ќе наведам дека од вкупно 580 членови-читатели во библиотеката, 450 се жени. За нашите читателки чувствуваме потреба гласно да размислуваме на овие теми, истакна Петровска.

За родовиот концепт низ призмата на законите, еднаквоста во правата и слободите и еднаквото вреднување на постигнатите резултати зборуваше Весна Димитровска, професор по социологија во СОУ „М.М.Брицо“, додека за семејното насилство како честа форма на насилство на која најмногу се изложени жените, зборуваше Маријана Стоименовска, претстедател на Советот за социјална заштита на Општина Делчево која истакна дека мрежата на достапни услуги за помош и поддршка на жртвите претставува предуслов за елиминирање на насилството.

Сепак, евидентен е напредокот кој во последните децении е остварен на полето на рамноправноста, но положбата на жените во многу сегменти во општеството и денес не е изедначена со онаа која ја имаат мажите, потенцираше координаторката на КЕМ на Општина Делчево, Сузана Петровска, која се осврна на значењето од функционирањето на Комисијата за еднакви можности.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


Инфо Делчево на web:
delcevo.gov.mk